Front 21/42
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22
1000 Skopje
Office: Orce Nikolov 83a, Skopje
Tel. + 389/ 2-3122-546
Fax +389/ 2-3122-546
**e-mail: contact@front.org.mk**

# Одговорноста во архитектурата и дизајнот

Архитектурата и дизајнот имаат клучна улога во обезбедувањето на одржливиот развој.
Од почетниот концепт на нашите градби и производи зависи:

- колкава количина на необновливи природни ресурси ќе бидат искористени за нивна реализација и во текот на нивната употреба;
- колку штетни хемикалии ќе бидат употребени и како такви директно или индиректно консумирани и пуштени слободно да се движат во животната средина;
- колку отпад ќе се генерира при нивна реализација, употреба и откако ќе заврши нивниот животен век;
- како тие ќе влијаат на околната животна средина и останатите форми на живот: дали ќе го поддржуваат животот или ќе имаат негативно влијание врз него;
- дали ќе го унапредат здравјето на луѓето или ќе бидат причина за негово уназадување и можеби нови болести,итн.

На Светската изложба во Хановер 2000 година беше презентиран документот кој го напиша Вилијам МекДона, а кој е познат како „Принципите од Хановер“.
Овие принципи се основа на современите, одржливи архитектура и дизајн.

## Принципите од Хановер

1. **Инсистирај на правото на ко-егзистенција на луѓето со природата**, во здрави, подржувачки, разновидни и одржливи услови.

2. **Препознај ја меѓусебната зависност.** Елементите на човечкиот дизајн имаат интеракција со и зависат од природниот свет, со широки и разновидни импликации на секое ниво. Прошири го разгледувањето на дизајнот до препознавање и на најдалечните ефекти.

3. **Почитувај ги врските меѓу духот и материјата.** Земи ги во предвид сите аспекти на човековото постоење, вклучувајќи ја заедницата, домувањето, индустријата и трговијата како постоечки и развојни врски меѓу духовната и материјалната свест.

4. **Прифати ја одговорноста за последиците од дизајнерските решенија** врз човековата добросостојба, издржливоста на природните системи и нивното право да ко-егзистираат.

5. **Создавај безбедни објекти / предмети со долготрајни вредности.** Не ги оптеретувај идните генерации со посебни барања за одржување и будна администрација која ќе треба да се грижи за можните опасности, само поради невнимателна креација на производите, процесите или стандардите.

6. **Елиминирај го концептот на отпад.** Евалуирај го и оптимизирај го целокупниот животен циклус на објектите/ продуктите и процесите за да ги доведеш до состојба каква што имаат природните системи, во кои нема никаков отпад.

7. **Искористи ги природните енергетски текови.** Човечкиот дизајн треба, исто како и живиот свет, да ја црпи својата креативна сила од непрекидниот соларен приход. Инкорпорирај ја енергетската ефикасност и безбедноста за одговорна употреба.

8. **Разбери ги ограничувањата на дизајнот.** Ниедна човечка креација не трае засекогаш и дизајнот не ги решава сите проблеми. Оние кои создаваат и планират треба да покажат понизност кон природата. Гледај на природата како на модел и ментор, не непријатност која треба да биде освоена или контролирана.

9. **Трагај по константно усовршување преку делење на знаењето.** Охрабрувај директна и отворена комуникација меѓу колегите, покровителите, производителите и корисниците, која ќе овозможи долготрајна и одржлива грижа и етичка одговорност и повторно ќе ги воспостави интегралните врски меѓу природните процеси и човековата активност.